Безбедност

Проверете дали напонот на вашата електрична мрежа одговара на напонот означен на налепницата за идентификација што се наоѓа на задниот дел на уредот. Онаму каде што како уред за исклучување се користи електричен приклучок, приклучок за наизменична струја или спојка за апарати, тој ќе остане подготвен за работа.

Кај одредени модели, светлосниот индикатор се наоѓа странично на ТВ-уредот. Ако на предната страна на ТВ-уредот нема светлосна ознака, тоа не значи дека ТВ-уредот е целосно исклучен од електричната мрежа. За целосно исклучување на ТВ-уредот, мора да го исклучите електричниот приклучок.

Составните делови на ТВ-уредот се чувствителни на топлина. **Максималната собна температура** не треба да надмине **35°** целзиусови. Не покривајте ги задните или страничните отвори на ТВ-уредот. Оставете доволен простор околу уредот за да дозволите соодветна вентилација. Инсталирајте го апаратот подалеку од каков било извор на топлина (огниште итн.) или апарати што создаваат силни магнетни или електрични полиња.

Влагата во просториите каде што е монтиран уредот не треба да надмине **75%** влажност. Преместувањето на уредот од студено на топло место може да предизвика кондензација на екранот (и кај некои составни делови во внатрешноста на ТВ-уредот). Оставете кондензацијата да испари пред повторно да го вклучите ТВ-уредот.

о Копчет ⏻ или **POWER**/⏻ на ТВ-уредот или копчето ⏻ на далечинскиот управувач може да се користат за вклучување на уредот и ставање во режим на мирување. Ако **немате намера да гледате телевизија подолго време**, целосно исклучете го уредот отстранувајќи го приклучокот од штекерот за напојување.

Во текот на **невреме со грмотевици**, препорачуваме да го исклучите ТВ-уредот од штекерот и антената за да се избегне можно оштетување од електрични или електромагнетни бранови. Од оваа причина, треба да имате лесен пристап до **штекерите и приклучоците за антената** за да ги **исклучите** ако е неопходно.

Веднаш **исклучете го** ТВ-уредот доколку забележите дека испушта **мирис на изгорено** или **чад**. Во ниеден случај не смеете сами да го отворате ТВ-уредот, бидејќи постои опасност од **електричен удар**.

ПРЕДУПРЕДУВАЊА

Овој уред е наменет за користење само во домаќинства и не треба да се користи за која било друга намена, како на пр., користење надвор од домаќинства или во комерцијална средина.

Ако надворешниот флексибилен кабел или жица на овој производ се оштетени, за да се избегне опасност, треба да се заменат од производителот, неговиот сервисен застапник или пак слично квалификувано лице.

Околу телевизорот оставете повеќе од 10 см слободен простор за да дозволите соодветна вентилација. Вентилацијата на смее да се попречува со покривање на отворите за вентилација со предмети, како весници, крпи, завеси итн.

Апаратот не смее да се изложува на капење или прскање и врз него не смее да се стават предмети полни со течност, како на пример вази.

Батериите (комплетот со батерии или инсталираните батерии) не смеат да се изложуваат на прекумерна топлина од сончева светлина, оган или слично.

За да се намали ризикот од пожар или електричен удар, не изложувајте го апаратот на дожд или влага.

Телевизискиот уред може да падне, предизвикувајќи сериозни лични повреди или смрт. Многу повреди, особено кај децата, можат да се избегнат со превземање на едноставни мерки на претпазливост како што се:

- СЕКОГАШ користете плакари или штандови или методи на монтирање кои се препорачани од производителот на телевизискиот уред
- СЕКОГАШ користете мебел што може безбедно да го осигура теливизискиот уред
- СЕКОГАШ осигурајте се теливизискиот уред да не го надвишува работ на мебелот кој го осигурува
- СЕКОГАШ едуцирајте ги децата за опасностите од искачување по мебелот за да го достигнат теливизискиот уред или неговите контроли за управување
- СЕКОГАШ поврзете ги жиците и каблите со телевизорот така што нема да можете да се сопнете, да ги повлечете или пак да ги истегнете
- НИКОГАШ не ставајте го телевизискиот уред на нестабилна локација
- НИКОГАШ не ставајте го телевизорот на висок мебел (на пример плакари или полици за книги) без да се прицврстат телевизорот и мебелот на соодветна потпора
- НИКОГАШ не ставајте го телевизорот на ткаенина или други материјали кои би можеле да се најдат помеѓу телевизорот или мебелот на кој што стои самиот уред
- НИКОГАШ не ставајте предмети како што се играчки или далечински управувачи, кои можат да ги предизвикаат децата да се искачат на горниот дел од телевизорот или мебелот на кој е поставен телевизорот

Доколку веќе постоечкиот телевизор се задржува и преместува, треба да се применат погоре споменатите мерки на претпазливост.

Опремата со овој симбол е Класа II или двојно изолиран електричен апарат. Специјално е дизајнирана за да нема потреба од безбедно поврзување со електрично заземјување. Опремата без овој симбол е електричен апарат од Класа I. Таа мора да се поврзе со електричен штекер со заштитно заземјување.



За да спречите ширење пожар, свеќи или други извори на отворен оган треба постојано да се чуваат подалеку од апаратот.



Овој симбол означува дека внатре е присутен висок напон. Опасно е да се оствари било каков контакт со било кој внатрешен дел од овој производ..



Овој симбол означува дека осигурувачот е можеби во неутрална положба и дека електричната мрежа ќе биде исклучена, за да се испразнат фазните проводници.

За да спречите повреда, овој апарат мора да биде безбедно прицврстен на подот/ѕидот согласно упатствата за монтажа.

За да го намалите ризикот од изложување на радиофреквенција, растојанието за употреба на овој апарат треба да биде најмалку 100 см.

Ако со производот е поврзана надворешна антена или кабелски систем, погрижете се антената или кабелскиот систем да биде заземјен од квалификувано лице за да обезбеди заштита против пренапони и наталожување статички полнежи.

ТВ-екран

ТВ-екранот што се користи во овој производ е направен од стакло. Затоа, може да се скрши ако производот падне или ако врз него паднат други предмети.

ТВ-екранот е високотехнолошки производ, што ви овозможува да гледате слики со прецизни детали. Понекогаш, на екранот може да се јават неколку неактивни пиксели во облик на неподвижни точки со сина, зелена или црвена боја. Ова не влијае врз изведбата на вашиот производ.

Грижа

Користете производ за стакло за да го исчистите екранот, а мека крпа и благ детергент за да го исчистите останатиот дел од уредот.

Важно: Користењето силни детергенти, производи на база на алкохол и абразивни средства може да го оштетат екранот.

Редовно чистете ја прашината од задните и страничните отвори за вентилација. Користењето растворувачи, абразивни средства или производи на база на алкохол може да го оштетат ТВ-уредот. Ако некој предмет или течност навлезе во апаратот, веднаш исклучете го и однесете го на проверка кај овластено техничко лице. Никогаш не отворајте го апаратот сами, бидејќи тоа може да ве доведе во опасност или да го оштети апаратот.

Регулатива за електростатичко празнење (ESD)

Овој апарат ги исполнува критериумите за изведба на ESD. Во случај апаратов да не се врати во режимот на поврзување со Етернет или режимот на пуштање преку USB поради електростатичко празнење, потребна е интервенција од корисникот.

Известување за функцијата Bluetooth

Технологијата Bluetooth® (ако е достапна во вашиот ТВ-уред) користи фреквенција од 2,4 GHz, така што близината на Wi-Fi пристапни точки, пренасочувачи или микробранови печки може да предизвика пречки кај аудио преносот преку Bluetooth. Ако се соочувате со прекини во аудио приемот, треба да го престартувате уредот со Bluetooth за да најдете фреквенција со помалку пречки, а ако и понатаму се соочувате со проблеми, треба да го поместите поблиску до телевизорот или да го зголемите растојанието помеѓу ТВ –уредот и изворот на пречките.

ИД на декларацијата на Bluetooth: D043135

Ѕидна монтажа на ТВ-уредот

Предупредување: За оваа операција се потребни најмалку две лица, во зависност од големината на вашиот телевизор.

За монтажата да биде безбедна, проучете ги следните безбедносни белешки:

- Проверете дали ѕидот може да ја поддржи тежината на ТВ-уредот и држачот за ѕидна монтажа.
- Следете ги упатствата за монтажа дадени со држачот. За одредени модели, не пропуштајте да ги зашрафите шестоаголните подлошки (и завртки) по стандардот BECA за ѕидна монтажа дадени со држачот во навртките за ѕидна монтажа во задниот дел на држачот пред да почнете со ѕидната монтажа.
- ТВ-уредот мора да се монтира на вертикален ѕид.
- Проверете дали користите завртки соодветни за ѕидниот материјал.
- Проверете дали каблите на ТВ-уредот се поставени така што не постои опасност од сопнување.

Исто така, сите останати безбедносни упатства за нашите ТВ-уреди важат и тука.

Упатство за употреба за повеќе производи

Функциите опишани во ова упатство се заеднички за поголемиот дел од моделите. Некои функции можеби не се достапни на вашиот ТВ-уред и/или вашиот ТВ-уред може да вклучува функции што не се опишани во ова упатство за употреба. Цртежите во ова упатство може да се разликуваат од фактичкиот производ. Имајте го предвид фактичкиот производ.

Ажурирање на уредот

Типично, ажурирањето на некои уреди е квартално, но не секогаш е точно одредено. Некои уреди, особено оние кои се на распродажба повеќе од 3 години, ќе бидат ажурирани само ако се најде и поправи критичната расипливост.

Информации за корисници за исфрлање на старата опрема и батериите во отпад

[Европска Унија]



Производи

Овие знаци покажуваат дека електричната и електронската опрема и батеријата со овој знак не треба да се исфрлаат како општ отпад од домаќинство на крајот на животниот век. Наместо тоа, производите треба да се предадат во соодветните собирни точки за рециклирање електрична и електронска опрема, како и батериите за правилен третман, преработка и рециклирање во согласност со националното законодавство и Директивите 2012/19/ЕУ, 2006/66/Е3 и 2008/12/Е3.



Батерија

Напомена:

Знакот Pb под знакот за батерии покажува дека батеријата содржи олово.

Со правилното исфрлање на овие производи, ќе помогнете да се зачуваат природните ресурси и да се спречат можните негативни последици врз животната средина и човечкото здравје што би можело да ги предизвика несоодветно постапување со отпадот од овие производи.

За повеќе информации во врска со собирните точки и рециклирањето на овие производи, ве молиме контактирајте со вашата локална општинска канцеларија, службата за отстранување на домашен отпад или продавницата од која сте го купиле производот.

Во согласност со националното законодавство, можно е да се применуваат казни за неправилно отстранување на овој отпад.

[Деловни корисници]

Ако сакате да го исфрлите овој производ, контактирајте со набавувачот и проверете ги условите и одредбите на договорот за купување.

[Други земји надвор од Европската Унија]

Овие знаци се важечки само во Европската Унија. Ако сакате да ги исфрлите овие производи, направете го тоа во согласност со важечкото национално законодавство или другите правила во вашата земја за ракување со стара електрична опрема и батерии.

Почитувани купувачи,

Со ова, TCL изјавува дека овој уред е во согласност со директивата 2014/53/ЕУ. Целосниот текст на изјавата за усогласеност со ЕУ е достапен на следнава адреса на интернет: www.tcl.com

ЕУ Изјавата за сообразност може да ја симнете директно на www.tcl.eu/eu/doc/XXXXXXXX *
* Ве молиме заменете го «XXXXXXXX» во точнотот име на моделот.

Сликите и цртежите во ова упатство за употреба се дадени само за објаснување и може да се разликуваат од изгледот на фактичкиот производ. Дизајнот и спецификациите на производот може да се изменат без претходна најава.

Содржина

Важни информации 1

Поглавје 1 - Поврзувања

Поврзете ги напојувањето и антената 5

Поврзете Blu-ray диск-плеер, HD конзола за видеоигри, HD камера за снимање, слушалки, модул за заеднички интерфејс 5

Поврзување на интернет 6

Поглавје 2 - Како да започнете

Посебен далечински управувач 7

Инсталирање батерии 7

Дополнителен далечински управувач 8

Инсталирање батерии 8

Вклучување и исклучување на ТВ-уредот 9

Почетно поставување 9

Поглавје 3 - Основни ТВ-операции

Копчиња за далечинско управување 10

Пристап до каналите 10

Гледање на поврзани уреди 10

Приспособување на јачината на звук 10

Пристап до почетната страница на Smart TV 10

Користење на менито Поставки 10

Поглавје 4 - Како да добиете повеќе од вашиот ТВ-уред

Инсталација на канали 11

Заеднички интерфејс 11

Користење на модулот за заеднички интерфејс 11

Пристап до услугите на заедничкиот интерфејс 11

Користење на поднаслови 11

Вклучување/исклучување на поднаслови 11

Вклучување јазици на поднаслов кај дигиталните ТВ-канали 12

Избирање тип на поднаслов кај дигиталните ТВ-канали 12

Користење на Телетекст 12

Избор на дешифрирање јазик на страница 12

Јазик на Дигитален Телетекст 12

Електронска контрола на потрошувачите (ЦИК) 12

Овозможување или оневозможување на ЦИК 12

Користење Автоматско вклучување 12

Користење Автоматско мирување 12

HbbTV 12

Пристап до HbbTV 13

Деактивација на HbbTV 13

Користење на EPG (Електронски програмски водич) 13

Функција Bluetooth 13

Функција за Брзо вклучување 14

Мрежно будење 14

Ресетирање на стандардните фабрички параметри 14

Контрола на гестови 15

Користење на гласовната контрола за ТВ-уредот без употреба на рацете 15

Поглавје 5 - Други информации

Лозинка во Родителска контрола 16

Отстранување грешки 16

Поглавје 1 - Поврзувања

Поврзете ги напојувањето и антената

За да го вклучите ТВ-уредот откако сте го поврзале кабелот за напојување, притиснете ⏻ или **POWER**/⏻.

Белешки:

- Позицијата на штекерот за напојување може да се разликува во зависност од моделот на ТВ-уредот.

- Исклучете го кабелот за напојување пред да ги поврзете уредите.



Поврзете Blu-ray диск-плеер, HD конзола за видеоигри, HD камера за снимање, слушалки, модул за заеднички интерфејс



Поврзување на интернет

Белешка: Во следниве упатства се опишани вообичаените начини за поврзување на ТВ-уредот со жичена или безжична мрежа. Методот на поврзување може да се разликува во зависност од фактичката конфигурацијата на мрежата. Ако имате прашања за домашната мрежа, обратете се кај вашиот Интернет-оператор.

Жичено поврзување



Безжично поврзување



Мрежни параметри:

1. Притиснете ⌂ на далечинскиот управувач за да ја прикажете почетната страница на Smart TV.
2. Притиснете ▲/▼/◄/► за да го преместите покажувачот на ⚙ горе десно на екранот и притиснете **OK** за да влезете во менито со системски параметри.
3. Притиснете ▲/▼ за да изберете **Network & Internet** (Мрежа и интернет), притиснете **OK** за да влезете во подредениот мени и следете ги упатствата на екранот за да ја поставите мрежата.

Белешки:

- *Вашиот ТВ-уред можеби ги нема сите приклучоци што се гледаат на цртежот погоре. Бројот на USB и HDMI-порти може да се разликува во зависност од моделот на ТВ-уредот.*
- *Локацијата на копчињата и приклучоците може да се разликува во зависност од моделот на ТВ-уредот.*
- *USB-приклучоците се за влез на податоци од USB-мемории и за поврзување на други сродни USB-уреди каде што е применливо.*
- *Сите USB-уреди мора да се поврзат со ТВ-уредот директно, без продолжителни кабли. Ако е потребен продолжителен кабел, се препорачува кабел со максимална должина до 50 см. Подолгите продолжителни кабли треба да имаат феритни јадра.*
- *Функцијата ARC (Повратен аудио канал) е поддржана само на портата HDMI означена со ARC. За да ја користите функцијата ARC, најпрво вклучете ја функцијата CEC како што е опишано во делот **CEC**.*
- *Се препорачува да употребувате висококвалитетни и добро изолирани HDMI кабли за да избегнете можни пречки.*
- *Користете слушалки со TPC-приклучок од 3,5 мм. Прекумерниот звучен притисок од слушалките може да предизвика загуба на слухот.*

Поглавје 2 - Како да започнете

Посебен далечински управувач

Поголемиот дел од функциите на вашиот ТВ-уред се достапни преку менијата што се појавуваат на екранот. Далечинскиот управувач што е обезбеден со вашиот ТВ-уред може да се користи за навигација низ менијата и за конфигурација на сите главни параметри.



За исклучување и повторно вклучување на звукот.

Мирување/излез од мирување.

Додадете го ентитетот во списокот за набудување. (Достапно само во режим на Google TV.)

Притиснете го копчето **Google Assistant** (Гугл помошник) на далечинскиот управувач за да разговарате со Гугл помошник. (*Достапно само во режим на Google TV и мрежната врска е нормална.*)

За да се прикаже менито на контролната табла.

Circular D-Pad Копчиња за правец на движење.

OK Потврдете го влезот или изборот. (Списокот со канали може да се прикаже во ТВ режим.)

За враќање на претходното мени или за напуштање на апликација.

За пристап до почетната страница на Smart TV.

За пристап до Електронскиот водич за програми (достапен само за дигитални канали).

За избор на влезен извор.

+/— За контрола на јачината на звук.

P+/P- За промена на каналите.

За прикажување на менито Опции.

За прикажување на брзиот панел.

Да се појави виртуелна тастатура за далечински управувач кога е достапна.

Да се отвори домашната TCL на екранот.

NETFLIX За пристап до Netflix ако е достапен.

prime video За да пристапите до Prime video (Prime видеото) доколку е достапно.

Guard За пристап до Безбедносната стража доколку е достапна.

Media Пристап до Медиа Плеер доколку е достапен.

Youtube За пристап до YouTube ако е достапен.

TCL CHANNEL За пристап до препорачаните TCL апликации.

Забелешка:

- *Овој далечински управувач е достапен само кај избрани модели. Типот на далечинскиот управувач може да се измени без претходна најава.*
- *До одредена функција може да се пристапи само од виртуелната тастатура за далечински управувач, притиснете го копчето на далечинскиот управувач за да се прикаже и работи соодветно.*
- *Копчињата за апликации може да се разликуваат во зависност од моделот. Копчето Апликација се користи за пристап до соодветната Апликација.*
- *Следете го водичот на екранот за да го спарите далечинскиот управувач со ТВ-уредот кога ќе го притиснете копчето **Google Assistant** (Гугл помошник) за првпат.*
- *Google TV е името на софтверското искуство на овој уред и заштитен знак на Google LLC.*
- *Гугл помошникот не е достапен на одредени јазици и во одредени земји.*

Инсталирање батерии



1. Притиснете за да го отворите задниот капак според цртежот.
2. Вметнете две AAA батерии според половите означени на батериите.
3. Вратете го задниот капак според цртежот.

Белешка: Типот на далечинскиот управувач може да се измени без претходна најава.

Македонски

Дополнителен далечински управувач



	За исклучување и повторно вклучување на звукот.
	Мирување/излез од мирување.
Нумерички копчиња	За внесување броеви на каналите или цифра.
	За пристап до препорачаните TCL апликации.
LIST	За прикажување на списокот со канали.
+/−	За контрола на јачината на звук.
	За прикажување на информации за програмата, ако е достапно.
	За да се прикаже менито на контролната табла.
P∧/∨	За промена на каналите.
	За пристап до почетната страница на Smart TV.
	За прикажување на менито Опции.
▲/▼/◄/►	Копчиња за правец на движење.
OK	За потврдување на запис или избор.
	За враќање на претходното мени или за напуштање на апликација.
	За избор на влезен извор.
EXIT	За да излезете од менито на екранот.
LANG	За избор на јазик на аудио достапен за избраната дигитална ТВ-програма.
GUIDE	За вклучување/исклучување на Електронскиот програмски водич (достапно само за дигитални канали).
TEXT	За вклучување/исклучување на Телетекст.
SUBT.	За избор на јазик на поднаслов достапен за избраната дигитална ТВ-програма.
Копчиња во боја	За да изберете задачи или страници со Телетекст; ќе се користи за функцијата HbbTV.
	За брзо премотување наназад.
	За паузирање на репродукцијата.
	За брзо премотување нанапред.
ZOOM	За избор на режимот на екран. *Белешка: Се препорачува да користите режим на цел екран. Не користете го долго време режимот за прикажување со црни ленти на двете страни на сликата (како на пример 4:3); во спротивно, екранот на ТВ-уредот може трајно да се оштети.*
	За почнување на репродукцијата.
	За прекинување на репродукцијата.
NETFLIX	За пристап до Netflix ако е достапен.
prime video	За да пристапите до Prime video (Prime видеото) доколку е достапно.

Инсталирање батерии

1. Притиснете за да го отворите задниот капак според цртежот.
2. Вметнете две AAA батерии според половите означени на батериите.
3. Вратете го задниот капак според цртежот.



Важно:

Батериите не смее да се изложуваат на прекумерна топлина, како на пр., сончева светлина, оган или слично. Отстранете ги батериите кога немате намера да го користите далечинскиот управувач долго време. Ако ги оставите батериите во опремата, тие може да предизвикаат оштетување преку разградување и истекување на корозивно средство, со што се поништува гаранцијата.

За да ја заштитите животната средина, користете ги локалните постројки за рециклирање и исфрлање на батериите во отпад. Исфрлајте ги употребените батерии во отпад според дадените упатства.

ВНИМАНИЕ: Постои опасност од експлозија ако батериите се заменат со погрешен тип. Заменувајте ги само со ист или сличен тип препорачан од производувачот на опремата.

Ако батериите во вашиот далечински управувач се потрошени, може да го користите копчето на вашиот ТВ-уред.

ТВ-уредот може да го вклучите од режим на мирување така што ќе го притиснете копчето ⏻ на вашиот ТВ-уред.

Ако ТВ-уредот е вклучен, менито со повеќе функции се појавува кога ќе го притиснете копчето ⏻ на ТВ-уредот. За повеќе информации за користењето на менито со повеќе функции, погледнете ја сликата подолу.



• Притиснете го копчето ⏻ за да го преместите нагласувањето на следната избрана функција.
• Притиснете го и задржете го копчето ⏻ повеќе од 2 секунди за да го потврдите изборот.
Забелешка: Погледнете го Краткото упатство за да го најдете копчето ⏻ на вашиот ТВ-уред.

Вклучување и исклучување на ТВ-уредот

1. Кога електричниот кабел е приклучен, ТВ-уредот ќе се вклучи автоматски или ќе се префрли во режим на мирување. Ако ТВ-уредот се наоѓа во режим на мирување, притиснете го копчето ⏻ или **POWER**/⏻ на уредот или копчето ⏻ на далечинскиот управувач за да го вклучите.
2. За да го ставите ТВ-уредот во режим на мирување, притиснете го копчето ⏻ на далечинскиот управувач. ТВ-уредот ќе остане приклучен во електричната мрежа, но со ниска потрошувачка на енергија.
3. За да го исклучите ТВ-уредот, исклучете го приклучокот од штекерот.

Забелешка: Со цел да се заштеди енергија и заштита на животната средина, некои модели се дизајнирани со реле прекинувачи. Кога телевизорот е вклучен или исклучен, нормално е да се слушне звукот на релето.

Почетно поставување

Првиот пат кога ќе го вклучите телевизорот, ќе се појави екранот за **Welcome** (Добредојде) што ќе ве води низ процесот на почетно поставување. Следете ги упатствата на екранот за да го завршите процесот на почетно поставување, како што е избирање јазик, поврзување со мрежа, скенирање канали и др . Кај секој чекор, може да направите избор или да го прескокнете чекорот. Ако го прескокнете чекорот, поставувањето може да го извршите подоцна од менито со параметри.

Белешка: Ако при пребарувањето на канали се најдат само аналогни канали, тоа можеби се должи на лошо емитување, па затоа не е опфатено во гаранцијата на производувачот. Производувачите не може да се сметаат одговорни за недостаток или лошо емитување во некои области.

Копчиња за далечинско управување

Тука се копчињата за насока на навигација и копчето **ОК** на далечинскиот управувач што можете често да ги користите.



Пристап до каналите

Користење на копчињата за насока за навигација: притиснете ▲/▼ на далечинскиот управувач за да дојдете низ за да ги промените каналите.

Користење на копчето ОК: притиснете го копчето **ОК** за да се прикаже списокот на канали и притиснете ▲/▼/◄/►и **ОК** за да ги изберете каналите.

Користење на копчињата P+/P-: притиснете ги копчињата **P+/P-** на далечинскиот управувач за да дојдете низ каналите.

Користење на копчето: притиснете за да се прикаже виртуелната тастатура за далечински управувач, потоа можете да ги користите нумеричките копчиња или копчето **List** (Список) за да работите соодветно.

Гледање на поврзани уреди

Притиснете на далечинскиот управувач за да го прикажете списокот со извори. Притиснете ▲/▼ за да го изберете ТВ-уредот или другите влезни извори и притиснете **ОК** за да потврдите.

Приспособување на јачината на звук

Контрола на јачината на звук: притискајте ги копчињата +/— на далечинскиот управувач за да ја зголемите или намалите јачината на звукот.

Исклучување на звукот: притиснете го копчето за привремено исклучување на звукот. Притиснете го ова копче повторно или копчето + за да го вратите звукот.

Пристап до почетната страница на Smart TV

Ви овозможува да уживате во Интернет-апликации (апликации) и специјално приспособени веб-сајтови на интернет и да ги поставите системските параметри на ТВ-уредот. Може да управувате со помош на далечинскиот управувач на ТВ-уредот.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:

- Пред да ги употребите апликациите на Smart TV, извршете конфигурација на мрежните параметри.
- Може да се јават задоцнета реакција и/или прекини во зависност од мрежните услови.
- Ако имате проблеми со користењето некоја апликација, може да контактирате со давателот на содржината.
- Според условите на давателот на содржината, може да се прекинат ажурирањата на апликацијата или самата апликација.
- Во зависност од правилата во вашата земја, некои апликации може да имаат ограничена услуга или да не бидат поддржани.
- Измените во содржината на апликациите може да се извршат без претходна најава од давателот на услуга.

1. Притиснете на далечинскиот управувач за да се прикаже почетната страница на Smart TV.
2. Притиснете ▲/▼/◄/► и **ОК** за да влезете во саканите апликации, функции или параметри.
3. Притиснете ← за да се вратите на почетната страница.

Белешка: Бидејќи за поврзувањето со Интернет е потребно време, ви препорачуваме да почекате неколку минути пред да ја употребите функцијата Smart TV по активирањето на ТВ-уредот од режим на мирување.

Користење на менито Поставки

Ви овозможува да ги прилагодувате поставките на ТВ, како што се слика и звук.

1. Притиснете на далечинскиот управувач за да се прикаже менито на контролната табла.
2. Изберете **Settings** (Поставки) и притиснете **ОК** за да влезете во менито за поставки.
3. Во подменијата, притиснете ▲/▼ за да изберете опции во менито, потоа притиснете **ОК**/► за да влезете во списокот со опции или соодветното подмени, или притиснете **ОК** за да се вклучите или исклучите, или притиснете ◄/► за да ја прилагодите поставката.
4. Притиснете ← за да се вратите на претходното мени.

Поглавје 4 - Како да добиете повеќе од вашиот ТВ-уред

Инсталација на канали

Овој дел опишува како автоматски да пребарувате и зачувувате канали. Тоа може да го направите во кој било од следните случаи:

- ако сте го прескокнале чекорот за инсталацијата на канали при почетното поставување;
- ако добиете потсетник дека нема канали во ТВ-режимот;
- ако сакате да ги ажурирате вашите канали.

1. Во ТВ режим, притиснете ⚙ на далечинскиот управувач и изберете **Settings > Channels and inputs > Channel > Channel scan** (Поставки > Канали и влезови > Канал > Скенирање канали). Притиснете **OK**/► за да влезете.
2. ТВ-уредот ги инсталира и подредува каналите според земјата или регионот. Притиснете ▲/▼ за да ја изберете **Country/Region** (Земјата/регионот) и притиснете **OK**/► за да влезете. Внесете ја стандардната лозинка 1234 или сопствената лозинка доколку сте ја сменили лозинката во менито **System > Lock** (Систем > Заклучување). Притиснете ▲/▼ за да ја изберете земјата или регионот и притиснете **OK**/►за да потврдите.
3. Притиснете ▲/▼ за да изберете **Automatic search** (Автом. пребарување), потоа притиснете **OK**/► за да влезете.
4. Притиснете ▲/▼ за да изберете **Tuner mode** (Режим на приемник) и притиснете ◄/► за да изберете **Cable** (Кабел), **Antenna** (Антена) или **Satellite** (Сателит). *(Белешка: Опцијата **Satellite** (Сателит) е достапна само кај избрани модели.)*
5. Притиснете ▲/▼ за да изберете други опции за конфигурирање.
6. По завршувањето на конфигурацијата, притиснете ▼ за да изберете **Search** (Пребарување) и притиснете **OK** за да го вклучите скенирањето на канали.
7. Пребарувањето на каналот може да трае неколку минути. По автоматското пребарување, каналите се распоредуваат по претходно поставен редослед. Ако сакате да ја уредите списокот на канали, притиснете ⚙ на далечинскиот управувач, изберете **Settings > Channels and inputs > Channel > Channel organizer** (Поставки > Канали и влезови > Канал > Организатор на канали) и притиснете **OK** за да влезете.

Заеднички интерфејс

Шифрираните дигитални ТВ-канали може да се дешифрираат со модул за заеднички интерфејс и картичка обезбедена од операторот за дигитална телевизија.

